ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2
Бр. 02-4353/5
30-05-2023

**ЕТИЧКИ КОДЕКС**

**НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ**

**Скопје**, мај 2023 **година**

**Содржина**


1. Општи одредби ..... 3

2. Темелните вредности (основа) на работењето ..... 3

2.1. Почитување на Етичкиот кодекс ..... 4

2.2. Примена на Етичкиот кодекс ..... 4

3. Основни стандарди и принципи во однесувањето на вработените ..... 4

3.1. Регулаторна усогласеност – усогласеност ..... 4

3.2. Доверливост и приватност ..... 5

3.3. Чување банкарска тајна ..... 5

3.4. Заштита на угледот и репутацијата ..... 5

3.5. Транспарентност ..... 6

3.6. Професионален и одговорен однос ..... 6

3.7. Деловен изглед на вработените ..... 6

3.8. Избегнување судир на интереси ..... 7

3.9. Избегнување неприфатливо однесување ..... 7

3.10. Заштита на имотот ..... 7

3.11. Политички ангажман ..... 7

3.12. Добри меѓучовечки односи ..... 8

3.13. Приватни деловни активности ..... 8

3.14. Настапување во име на ТТК Банка АД Скопје или на социјалните мрежи ..... 8

3.15. Постапување при вршење трансакции со поврзани лица со Банката ..... 9

3.16. Поткуп и корупција ..... 9

3.17. Прифаќање и давање подароци ..... 10

4. Правила во однесувањето на Банката ..... 10

4.1. Правила во однесувањето на Банката со клиентите – Заштита на интересите на клиентите ..... 10

4.1.1. Соодветни производи и услуги ..... 10

4.1.2. Чесен и фер однос ..... 11

4.1.3. Заштита на клиенти и инвеститори ..... 11

4.2. Правила во однесувањето на Банката со акционерите и инвеститорите ..... 11

4.2.1. Создавање одржливи вредности ..... 11

4.3. Правила во однесувањето на Банката со вработените ..... 12

4.3.1. Фер вработување ..... 12

4.3.2. Политика против дискриминација и вознемирување ..... 12

4.3.3. Забрана на насилство ..... 13

4.3.4. Здравје и безбедност на работното место....................13
4.4. Правила во однесувањето на Банката со јавноста....................13
4.4.1. Соработка со релевантни органи и институции....................13
4.4.2. Сметководство и известување....................13
4.4.3. Даноци....................13
4.4.4. Фер конкуренција....................13
4.4.5. Лобирање....................14
4.5. Правила за спречување финансиски криминал....................14
4.5.1. Спречување перење пари и финансирање на тероризам....................14
4.5.2. Рестриктивни мерки....................14
4.5.3. Инсајдерско тргување и злоупотреба на пазарот....................14
4.6. Општествена одговорност и одговорност за заштита на животната средина..14
4.6.1. Корпоративна одговорност....................14
4.6.2. Човекови права....................15
4.6.3. Заштита на животната средна....................15
4.6.4. Придонес во општеството....................15
5. Дополнителни информации, советување и поднесување пријави....................15
6. Завршни одредби....................16

Врз основа на член 53 став 3 алинеја 32 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, а во согласност со Законот за банките („Сл. весник на РМ" бр. 67/2007; 88/2008, 42/2009, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 13/2014, 15/2015, 153/2015, 190/2016, 7/2019, 101/2019, 122/2021 и 125/2021) и Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Сл. весник на РМ" бр. 24/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 113/2019), Надзорниот одбор на Банката, на седницата одржана на ден 30.5.2023 година, го усвои следниот

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ

## 1. Општи одредби

ТТК Банка АД Скопје го усвојува овој етички кодекс со цел формулирање јасни и недвосмислени насоки и барања за етичко однесување, постапување и делување, како за вработените во Банката, така и за сите лица кои на соодветен начин се поврзани со Банката, во насока на заштита на вредностите на Банката.

Во рамките на постојните интерни акти, Банката има дефинирано систем на корпоративно управување со цел да ја осигури довербата и задоволството на клиентите, да ја зголеми вредноста на акционерскиот капитал и да ја подигне општествената одговорност.

Банката придава особена важност во настојувањето вработените да се запознаат и да развијат свест за етичките правила и заради тоа редовно ги едуцира и ја следи усогласеноста на постапувањето со наведените правила.

Етичкиот кодекс континуирано се ревидира и развива во согласност со регулаторните и интерните промени и барања. Тој се заснова на меѓународни стандарди, добри практики и сопствени искуства во работењето, имајќи ги предвид барањата во однос на Банката и нивната примена во пракса.

## 2. Темелните вредности (основа) на работењето

ТТК Банка АД Скопје има улога на доверлив партнер во деловниот свет, којашто се карактеризира со одговорност кон сите чинители, особено кон клиентите, доверителите, вработените и акционерите, како и кон општеството во целина.

Банката се стреми кон одржливо корпоративно управување, соодвентно пазарно однесување и соодветна социјална и еколошка одговорност.

Правилата на однесување од овој етички кодекс ги обликуваат темелите на корпоративната култура коишто се засноваат на корпоративните вредности и етички принципи. Правилата на однесување имаат за цел да обезбедат однесувањето во работењето и во однос на етичките прашања да биде во согласност со основните морални начела и стандарди на професионално однесување. Тоа треба да се темели врз принципите на законитост, интегритет, одговорност и непристрасност, професионални односи, доверливост, добри меѓучовечки односи, спречување судир на интереси и судир на финансиски интереси и домаќински однос.

2.1. Почитување на Етичкиот кодекс

Насоките, правилата и барањата од овој етички кодекс утврдуваат обврски за членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Банката, за лицата со посебни права и одговорности и за сите останати вработени. Сите овие лица мора да ги почитуваат и да се придржуваат до одредбите од овој кодекс за време на траењето на работниот однос/ангажман во Банката и по завршувањето на истиот.

Секој вработен на почетокот, при засновање на работниот однос, се запознава со содржината на Етичкиот кодекс и ја прифаќа таа содржина со потпишување Изјава на пропишан образец кој е составен дел на овој кодекс (Прилог 1).

Се очекува раководните лица во Банката, со личен пример, да ги промовираат етичките вредности, принципи и правила од овој кодекс.

Покрај тоа, се очекува и сите лица (деловни соработници) кои соработуваат со Банката и кои имаат засновано договорен однос да применуваат правила и стандарди кои се идентични или слични на правилата и стандардите дефинирани во овој кодекс.

2.2. Примена на Етичкиот кодекс

Вработените се должни да делуваат одговорно и да не се впуштаат во неодговорно однесување во која било смисла, особено она што би претставувало злонамерно или намерно игнорирање, повреда или барање од други да ги прекршуваат правилата на однесување.

Етичкиот кодекс е составен дел на општите услови за вработување и вработените, со потпишување на договорот за вработување и потпишување на изјавата, прифаќаат дека се запознаени со правилата од Етичкиот кодекс. Кодексот вклучува и одредени обврски за вработените коишто остануваат на сила и во случај вработениот да го напушти работното место во Банката. Според тоа, каква било повреда на Етичкиот кодекс може да предизвика последици во согласност со Законот за работни односи и може да доведе до престанок на работниот однос.

Етичкиот кодекс го подготвува Дирекцијата за човечки ресурси, организација и поддршка и го доставува на разгледување, усогласување и усвојување до Управниот одбор на Банката. Управниот одбор го доставува усогласениот предлог текст на Етичкиот кодекс за донесување до Надзорниот одбор на Банката.

Членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, лицата со посебни права и одговорности и останатите вработени се должни да обезбедат имплементација на овој кодекс.

## 3. Основни стандарди и принципи во однесувањето на вработените

3.1. Регулаторна усогласеност – усогласеност

Банката делува во согласност со сите важечки закони, правила и прописи. Сите вработени се должни да бидат запознаени со регулаторните барања коишто се однесуваат на нивните работни задачи. Банката ги поттикнува вработените

континуирано да се информираат за важечките закони, правила и прописи поврзани со работните активности што ги извршуваат и работните задачи да ги извршуваат стручно, совесно и професионално во согласност со прописите и интерните акти на Банката.

## 3.2. Доверливост и приватност

Еден од клучните услови за одржување на односот на доверба помеѓу банката и нејзините клиенти е строга заштита на деловните и банкарските тајни, како и доверливоста на податоците кои се однесуваат на клиентите.

Затоа, вработените во Банката се должни доследно да ги чуваат деловните и банкарските тајни и да обезбедуваат соодветна заштита при користење и обработка на личните податоци на нивните клиенти. Податоците се користат само за целите на исполнување на работните задачи, а се обелоденуваат исклучиво во согласност со важечките закони и прописи или во случаи кога е посебно дозволено врз основа на тие закони и прописи.

## 3.3. Чување банкарска тајна

Вработените во Банката, лицата со посебни права и одговорности и акционерите кои имаат пристап до документите, податоците и информациите коишто се стекнати при вршење банкарски и други финансиски активности, а кои претставуваат банкарска тајна, како и лицата кои преку давање услуги на Банката имаат пристап до податоците, се обврзани истите да ги чуваат и штитат, да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица, освен кога со закон е пропишано објавување на податоците и информациите, доколку лицето дало писмена согласност за откривање на податоците и во случаите утврдени со закон.

Вработените се должни да ја почитуваат обврската за чување и заштита на банкарската тајна за време на траењето на работниот однос во Банката и по неговото престанување.

За чувањето и заштитувањето на банкарската тајна, секој вработен потпишува изјава со која се обврзува на нејзиното чување и којашто е дел од досието на секој вработен. Обврската продолжува и по престанокот на работниот однос и статусот врз основа на кој е остварен пристап до податоците коишто се сметаат за банкарска тајна.

## 3.4. Заштита на угледот и репутацијата

Банката остварува искрена и отворена комуникација и интеракција со сите заинтересирани страни и сноси одговорност за чување и заштита на сопствениот углед.

На работното место и надвор од него вработените мора да се воздржуваат од какво било изразување коешто може да има негативно влијание врз репутацијата на Банката. Банката очекува вработените и во приватниот живот да се однесуваат во согласност и на начин кој е достоен до етичките начела на Банката, а особено кога нивните активности или тие самите можат да се поврзат на кој било начин со Банката

или кога може да се процени дека тие делуваат или изнесуваат мислења во име на Банката.

Вработените можат да учествуваат и изразуваат свое мислење во која било организација (политичка, верска или културна) само како приватни лица и притоа мора да се воздржуваат од упатување на нивната поврзаност со Банката.

Вработените не смеат да го користат своето право на изразување кое на кој било начин би нанесувало штета на угледот и репутацијата на Банката или на нејзините интереси.

## 3.5. Транспарентност

Транспарентноста на корпоративните податоци е клучен фактор на деловните резултати на Банката и важна компонента на нејзиното корпоративно управување.

Банката комуницира со сите заинтересирани страни брзо, точно и разумно во рамките на законските одредби.

Вработените се должни да бидат транспарентни во однос на клиентите и да ги дадат сите потребни податоци и информации во согласност со прописите и со интерните акти на Банката.

## 3.6. Професионален и одговорен однос

Вработените треба да се однесуваат одговорно кон своите работни задачи и да ги извршуваат навремено и без одложување.

Вработените треба да бидат чесни, лојални и совесни, креативни и ефикасни и да покажуваат активен пристап кон работните задачи што им се доверени, со цел постигнување највисоки резултати. Работните задачи треба да ги извршуваат стручно, објективно и професионално во согласност со интерните процедури и со рационална употреба на доделените средства за работа, имотот и ресурсите на Банката. При работењето, вработените не треба да внесуваат чувства и треба да прифаќаат критики и корекции во врска со направените грешки.

Употребата на соодветен тон на обраќање, јазик, однесување и гестикулација во комуникацијата со клиентите, колегите и надворешните соработници се од клучно значење. Во оваа смисла, примерното однесување на вработените на раководни позиции е важно и очекувано.

Секој вработен е должен да го почитува правото на приватност на своите колеги и да постапува со личните податоци на вработените во согласност со интерно регулираните правила.

## 3.7. Деловен изглед на вработените

Професионалниот пристап кон работата, покрај преку правилата и стандардите пропишани со овој кодекс, се одразува и преку надворешниот изглед на вработените. Во таа насока, изгледот на вработениот треба да одразува деловна, уредна и хармонична личност.

### 3.8. Избегнување судир на интереси

Банката настојува да ги идентификува и избегнува потенцијалните судири на интерес во секојдневните деловни активности и во тој контекст има прецизни интерни правила и насоки. Вработените се должни да обезбедат нивните приватни интереси да не бидат во спротивност со нивните обврски кон Банката или со обврските на Банката кон клиентите. Спречувањето на судирот на интереси е регулирано во посебен интерен акт на Банката, Политика за идентификување и спречување судир на интереси.

### 3.9. Избегнување неприфатливо однесување

Секое непочитување на одредбите од овој кодекс ќе се третира како неприфатливо однесување коешто нема да се толерира и ќе подлежи на мерки на дисциплинска одговорност.

### 3.10. Заштита на имотот

Секој вработен е должен да го заштитува вкупниот имот на Банката (материјален, финансиски и друг имот), имотот на клиентите, на добавувачите и на останати трети лица којшто му е доверен на чување и управување и да го третира со должно внимание.

Вработените се должни да ги применуваат соодветните процедури со помош на кои се спречува пристап на неовластени лица и/или можност за користење, измена или уништување на таквиот имот. Секое несоодветно управување или неовластено делење со трети лица на имотот што е сопственост на Банката или кој Банката го користи претставува повреда на обврските кон Банката, подлежи на санкции и може да се квалификува како казниво дело. Исто така, секое губење, оштетување или неовластено користење на имотот на Банката може да претставува повреда на обврските кон Банката.

Поимот „имот" за целите на овој кодекс вклучува готовина, хартии од вредност, материјален имот (основни средства, инвентар, опрема и сл.), услуги, бизнис планови, податоци за клиенти, вработени и даватели на услуги, интелектуална сопственост и кои било други лични податоци, заштитени авторски права и доверливи информации.

Забрането е секое користење на знакот, логото, печатот и меморандумот на Банката за потреби надвор од деловните процеси на Банката.

### 3.11. Политички ангажман

Банката го уважува правото на вработениот да се вклучува во политички и јавен живот, при што таквите активности можат да се извршуваат само надвор од работното место. Во текот на извршувањето на нивните политички активности надвор од работното место, вработените не смеат да ја злоупотребуваат својата позиција во Банката и мора да се воздржуваат од однесување кое би можело да има негативно влијание врз репутацијата на Банката.

Вработените мора да ја известат Банката пред преземање на која било функција во која било политичка или државна организација. Во текот на нивното работење во

Банката, вработените не смеат да ја злоупотребуваат нивната функција и статус коишто ги остваруваат во политичката или државната организација. Ресурсите на Банката не смеат да се користат во поддршка на политички настани.

3.12. Добри меѓучовечки односи

Банката се залага за окружување во кое сите вработени меѓусебно се однесуваат со почит. Во професионалната комуникација вработените треба да бидат учтиви и внимателни, да се однесуваат со почит, достоинство, морален интегритет и самоконтрола и да избегнуваат нанесување лични навреди. Вработените кои се на раководни позиции не треба да ја злоупотребуваат својата положба во насока на вознемирување, навредување и потценување на вработените.

Вработените треба да имаат предвид дека за соработка неопходна е флексибилност, толеранција и помирувачки дух и дека треба да придонесуваат кон креирање здрава работна средина.

3.13. Приватни деловни активности

Вработените не смеат да даваат предност на приватните интереси и личната корист пред интересите на Банката и обврските од работен однос. Вработените не смеат да се вклучуваат во каква било активност, ангажман или дејност коишто би можеле да доведат до судир на интерес со нивните одговорности кои произлегуваат од нивното работно место или кои би можеле негативно да влијаат на репутацијата и интересите на Банката. Вработените не смеат да ја користат инфраструктурата на Банката за да промовираат сопствен бизнис. Дополнителните работни ангажмани коишто не се во спротивност со интересите на Банката треба да се вршат по работното време и истите не смеат да влијаат на професионалното и непристрасно вршење на работните задачи и не смеат да предизвикаат дури ни делумно намалување на работната способност и посветеност на работните задачи во Банката.

Секој вработен треба да избегнува каков било потенцијален судир на интерес. Во случај на каков било потенцијален судир или прашање, вработените се должни веднаш да се обратат на својот непосредно претпоставен, а пријава на случај на судир на интереси се доставува до Службата за контрола на усогласеност на работењето со прописите и СППиФТ и Службата за внатрешна ревизија. При постоење на околности коишто укажуваат постоење судир на интерес, вработениот е должен да даде изјава, да побара да биде изземен и да запре со своето постапување.

Прикривањето на постоење приватен интерес претставува повреда на должноста и е основа за преземање мерки за соодветна одговорност.

3.14. Настапување во име на ТТК Банка АД Скопје или на социјалните мрежи

Само вработените кои се задолжени и овластени од Управниот одбор имаат право да даваат официјални изјави и коментари во медиумите во која било форма. Другите вработени немаат право да се вклучуваат или впуштаат во какви било активности поврзани со односи со јавност во име на Банката со медиуми, клиенти, добавувачи, дистрибутери или други лица без претходно одобрување од страна на Управниот одбор.

Банката е свесна дека нејзините вработени користат социјални мрежи за лични цели. Користењето на таквите алатки мора да ги следи важечките закони и интерните правила и вработените се должни во тие околности да ја имаат предвид репутацијата на Банката, како и правото на приватност на другите.

### 3.15. Постапување при вршење трансакции со поврзани лица со Банката

Функционирањето во општествена средина неминовно подразбира трансакции со поврзани лица.

Трансакции со поврзани лица со Банката се трансакции со лица поврзани со Банката коишто произлегуваат од билансни и вонбилансни побарувања на Банката, склучени договори за услуги, купување и продажба на актива, договори за изведување градежни работи, договори за закуп, користење позајмици и субординирани и хибридни инструменти, како и отпис врз основа на трансакции со поврзани лица со Банката.

При склучувањето трансакции со поврзани лица најважно е да се води сметка за законските одредби и за условите под коишто овие трансакции се одобруваат.

При еднакво ниво на ризик, утврдено во согласност со супервизорските стандарди, Банката не смее да одобри кредити, или друг облик на изложеност, да прибира депозити и да врши финансиски активности на лица поврзани со неа, под поповолни услови од оние коишто се применуваат за другите клиенти на Банката.

### 3.16. Поткуп и корупција

Давањето поткуп може да има различни облици, вклучително понуда или примање директни или индиректни плаќања, услуги, скапоцени подароци, хуманитарни донации, спонзорства, привилегиран третман или олеснување при плаќање. Вработените во Банката се должни да одбијат каков било обид на поткуп или незаконски подарок. Ова вклучува финансиски или друг вид на погодност, како што се готовина, подароци, кредити/заеми, гаранции, какви било понуди во текот на постапката на одобрување кредити и/или спроведување набавки, попусти, почестувања, услуги, поволности, нудење работа и сл.

Исто така, треба да се избегнуваат активности/однесувања коишто поттикнуваат сомнеж и создаваат впечаток дека се работи за корупција и забрането манипулирање.

Секое дело на поткуп и корупција направено од страна на вработен, добавувач или друго лице со кое Банката соработува или лица кои постапуваат во име на Банката е неприфатливо. Посебно внимание мора да се посвети во работењето со претставници на јавниот сектор. Банката нема да учествува во која било трансакција за која постои причина која дава повод за сомнеж дека се работи за поткуп или корупција.

Вработен кој ќе дојде до сознание или оправдано сомневање за постоење поткуп и корупција или нанесување штета на Банката е должен веднаш да го извести својот непосреден претпоставен. Случаите на корупција или друго незаконско постапување задолжително се пријавуваат во Службата за внатрешна ревизија и/или во Службата за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите.

Надзорниот и Управниот одбор ќе го заштитат секој вработен кој пријавил случај на корупција.

### 3.17. Прифаќање и давање подароци

Давањето подароци вообичаено е дел од локалната култура и традиција. Давањето подароци во текот на работењето и односите со клиентите може да придонесе за угледот на правното лице и за воспоставување добри деловни односи. Дозволено е давање и прифаќање подарок со симболична материјална вредност што одговара на дадените околности и е во согласност со вообичаената деловна пракса и обичаи.

Не е дозволено да се нудат или примаат подароци во готови пари или еквиваленти на готовина во кои било околности. Корпоративните подароци, покани или трошоци не смеат во кој било случај да бидат такви за да можат да се протолкуваат (или да се подразберат како намера) дека се работи за поткуп или друг непропишан облик на компензација или плаќање.

Деловните одлуки секогаш мора да се носат во согласност со интересите на Банката, а не врз основа на односите чиј развој бил поттикнат од подарок или покана. Основната цел е заштита и зачувување на угледот на Банката и нејзиниот интегритет.

## 4. Правила во однесувањето на Банката

### 4.1. Правила во однесувањето на Банката со клиентите – Заштита на интересите на клиентите

#### 4.1.1. Соодветни производи и услуги

Активностите на Банката се ориентирани кон клиентите и Банката континуирано излегува во пресрет на потребите на нејзините клиенти преку градење на однос на доверба и соработка.

Банката обезбедува производи и услуги за кои поседува дозвола, потребна експертиза, соодветно обучени вработени и инфраструктура за нивно извршување. Производите и услугите што се нудат се во согласност со интересите на клиентите на најдобар можен начин, подеднакво, целосно, внимателно и без никаква дискриминација. Условите за користење на производите и услугите се јасни, релевантни, разбирливи и правични. Банката практикува веродостојни продажни практики преку кои транспарентно ја обезбедува достапноста на нејзините производи и услуги. Банката применува правични договорни и постпродажни практики во согласност со законската регулатива.

Банката спроведува одговорно управување со поплаки. Во случај на примени поплаки од клиенти, Банката постапува во согласност со интерните правила и постапки, професионално, објективно, ефикасно и етички.

Банката посветува внимание на развој на финансиската писменост и едукација на потрошувачите особено при оптимален избор на финансиски производ во согласност со потребите и можностите на клиентите.

Вработените во Банката надлежни за продажба на финансиски услуги или производи се очекува да им дадат на потрошувачите разумни совети или препораки за финансиската услуга што им ја нудат и да водат сметка за нивниот интерес.

Вработените во Банката не смеат да нудат правни совети на клиенти, ниту да коментираат за законитоста на трансакција на клиент и да не навлегуваат во внатрешната организација на клиентот.

4.1.2. Чесен и фер однос

Во своето работење Банката применува високо ниво на интегритет и ги следи сите важечки законски и регулаторни обврски во врска со заштитата на клиенти. Клиентите се третираат со уважување, почит, искреност, чесност, објективност, непристрасност и еднаков третман. За Банката се неприфатливи какви било маркетиншки активности или реклами кои содржат неточни информации или податоци кои можат да доведат до заблуда. Банката настојува да го избегне ризикот од прекумерна задолженост на клиентите при што се однесува фер и чесно кон клиенти кои се соочуваат со проблеми при отплата. Банката, во сите фази од обезбедувањето на било каква финансиска услуга им овозможува на своите клиенти точни, целосни и навремени информации за производите, услугите и поволностите, при што истовремено им укажува и за можните ризици, имајќи ги предвид нивните конкретни потреби.

Секое несоодветно намерно или несовесно и погрешно однесување и постапување со клиентите на Банката нема да се толерира и ќе подлежи на одговорност.

4.1.3. Заштита на клиенти и инвеститори

Банката е должна да им обезбеди на клиентите и на инвеститорите јасни и соодветни информации, врз основа на податоците кои ѝ се познати и со кои располага. Притоа, Банката не дава даночни совети.

Вработените во Банката треба да се особено внимателни при работењето со лица со посебни потреби, ранливите категории потрошувачи и лица на кои им е потребен посебен третман.

Банката презема потребни мерки во однос на физичката безбедност на клиентите за време на нивното присуство во просториите на Банката. Исто така, Банката презема мерки за заштита и безбедност на нивните средства.

4.2. <u>Правила во однесувањето на Банката со акционерите и инвеститорите</u>

4.2.1. Создавање одржливи вредности

Банката е насочена кон широко толкување на одржливоста во смисла на долгорочно финансиско, општествено и еколошко влијание на активностите што таа ги презема.

Позицијата на Банката се заснова на добро корпоративно управување и на добри и одговорни деловни практики, внимателно управување со ризикот и длабинска анализа.

Целта на Банката е да одржува и постојано да ја унапредува ефикасната интерна контрола и системот на управување со ризиците. Банката има соодветен план за континуитет во работењето.

### 4.3. Правила во однесувањето на Банката со вработените

#### 4.3.1. Фер вработување

Праксата на фер вработување не подразбира само исполнување на пропишаните услови во согласност со регулативата, таа вклучува и култура на почитување. Банката настојува вработените да се вработуваат и унапредуваат врз основа на нивните заслуги (резултатите од работењето и професионалното искуство) и да гради средина во која постојат можности за развој и каде што може да се постигне добра рамнотежа помеѓу работното време и приватниот живот.

Банката ја цени тимската работа во рамките и помеѓу организациските единици и настојува вработените да го развијат нивниот потенцијал. Банката настојува вработените да покажат здраво разумно расудување и проактивно да управуваат со ризиците во секојдневната работа, вклучително и ризикот од несоодветно однесување на пазарот.

Банката континуирано ги обучува вработените за компетентно и квалитетно извршување на работните задачи; за обезбедување соодветни финансиски услуги на клиентите и за етичкото, прудентно и професионално однесување и постапување. Притоа, ја следи и оценува изведбата и резултатите на вработените во согласност со целите и севкупната корпоративна култура и вредности на Банката. Банката исто така имплементира конкурентни стандарди за наградување коишто ја поддржуваат деловната стратегија, вредностите и долгорочните цели на Банката, имајќи го предвид преземеното ниво на ризик, како и применува соодветни мерки да се избегне судирот на интереси.

#### 4.3.2. Политика против дискриминација и вознемирување

Банката ги вреднува и ги поддржува различностите. Дискриминацијата и вознемирувањето (по возраст, етничка припадност, раса или боја на кожа, национално потекло, верско убедување, политичко или друго мислење, пол, сексуална ориентација или здравствена состојба, социјално потекло, семеен статус и сл.) се во спротивност со одржување интегрирано работно окружување во кое вработените можат да ги остварат нивните највисоки нивоа на индивидуална продуктивност и деловните цели на Банката. Не постои простор ниту оправдување за каков било вид дискриминација, вознемирување и друг вид заплашување кој е насочен или кој резултира со повреда на достоинството на личноста и создавање навредливо окружување.

Заштитата од дискриминација и вознемирување на работното место и начинот и постапката за пријава се регулирани со посебен интерен акт на Банката.

4.3.3. Забрана на насилство

Нема да се толерираат какви било закани или дело на насилство, без оглед дали се направени во канцеларија или во кои било други работни околности. Секој таков чин мора веднаш да биде пријавен.

4.3.4. Здравје и безбедност на работното место

Заштитата на здравјето и безбедноста на нашите вработени е клучно прашање и неопходно е доследно почитување на сите соодветни прописи и интерни акти од оваа област. Банката им овозможува на нејзините вработени обуки за заштита на работното место, како и обуки за заштита од пожар.

Строго е забрането употреба на алкохол, нелегални супстанци, лекови и други супстанци коишто влијаат на менталната состојба на работното место во Банката, на други места или во други прилики кои се однесуваат на работењето за Банката или во текот на активности во врска со работењето. Исто така, строго е забрането доаѓањето на работно место под дејство на овие супстанци или вршење активности коишто се квалификуваат како злоупотреба (нудење, предавање, трговија...).

4.4. <u>Правила во однесувањето на Банката со јавноста</u>

4.4.1. Соработка со релевантни органи и институции

Банката одржува отворени, продуктивни и кооперативни односи со надлежните регулаторни тела. Во случај на законски истраги, испитувања и проверки, Банката тесно соработува и навремено ги обезбедува сите релевантни информации во обем во кој се бара од неа и во согласност со дозволеното врз основа на важечките законски прописи.

4.4.2. Сметководство и известување

Билансите и финансиските извештаи на Банката се подготвуваат во согласност со важечките закони и сметководствени стандарди. Извештаите ја отсликуваат финансиската позиција на Банката и резултатите од работењето во сите релевантни аспекти, со што се осигурува обезбедување непристрасни информации на инвеститорите.

4.4.3. Даноци

Банката делува во согласност и во духот на даночните закони и придонесува во економијата преку плаќање даноци. Вработените се должни да избегнуваат какво било постапување коешто вклучува незаконско избегнување плаќање даночни обврски.

4.4.4. Фер конкуренција

Банката е определена да промовира слободен и конкурентен пазар и да делува во согласност со правилата за фер конкуренција и пазарно однесување.

Во извршувањето на нивните работни активности, коишто ги вклучуваат конкурентите и деловните партнери на Банката, вработените мора да се однесуваат на начин и да

демонстрираат свесност за нивните одговорности во согласност со прописите за заштита на конкуренција.

4.4.5. Лобирање

Банката е политички неутрална. Само овластени претставници на Банката можат да ја презентираат нивната позиција или да даваат мислење во текот на процесот на донесување закони и правила.

## 4.5. Правила за спречување финансиски криминал

4.5.1. Спречување перење пари и финансирање на тероризам

Банката мора да се придржува до прописите кои го регулираат спречувањето перење пари и финансирање тероризам. Целта на Банката е да ги врши деловните трансакции исклучиво со репутациски клиенти кои се занимаваат со легално работење коешто вклучува средства од легални извори.

Банката е должна да ги применува сите процедури за запознавање на нејзините клиенти, да ги врши неопходните проверки и да презема соодветни мерки за спречување, детектирање и пријавување сомнителни трансакции.

4.5.2. Рестриктивни мерки

Банката има соодветни политики, процедури и интерни контроли коишто обезбедуваат усогласеност на работењето со релевантното законодавство за рестриктивни мерки.

Секој вработен е должен да применува соодветни правила во секојдневното работење во согласност со интерните акти за финансиски рестриктивни мерки.

4.5.3. Инсајдерско тргување и злоупотреба на пазарот

Прекршоците поврзани со инсајдерско тргување и пазарни манипулации можат да повлечат сериозни последици, вклучително и прекин на работниот однос, како и граѓански и/или кривични казни, што може негативно да влијае на угледот на Банката и на довербата на јавноста. Според тоа, забрането е тргување со хартии од вредност на која било компанија врз основа на материјални, необјавени податоци за компанијата. Банката не толерира каков било обид за манипулација или за злоупотреба на пазарот или на цената на хартијата од вредност или на друг финансиски инструмент.

## 4.6. Општествена одговорност и одговорност за заштита на животната средина

4.6.1. Корпоративна одговорност

Банката е свесна дека нејзиното работење има влијание врз секој сегмент на одржливоста: во економската сфера, во општеството и во сферата на животната средина. Во таа смисла, Банката тежнее да оствари долгорочно профитабилно работење избегнувајќи, меѓу другото, каква било општествена и еколошка штета. Покрај тоа, Банката настојува да придонесе кон унапредување на заштитата на животната средина и социјалните стандарди.

### 4.6.2. Човекови права

Банката ја почитува и поддржува заштитата на човековите права во согласност со Европската конвенција за човекови права и Универзалната декларација за човекови права. Целта на Банката е да обезбеди нејзиното работење да биде во согласност со овие принципи.

### 4.6.3. Заштита на животната средна

Банката води сметка за животната средина и е определена да го согледува влијанието на нејзините деловни активности врз животната средина. Финансирање или какво било учество во трансакции или во проекти со кои се доведува во опасност животната средина не е во согласност со деловната политика на Банката.

### 4.6.4. Придонес во општеството

Покрај деловните активности и во согласност со можностите, Банката тежнее да придонесе за развој и за унапредување во општеството. Банката поддржува непрофитни, спортски и хуманитарни организации во согласност со политиката за спонзорство и донации. Притоа, во ниту еден случај донациите за хуманитарни потреби не можат да се користат како услов или како средство за влијание во одлучувањето.

## 5. Дополнителни информации, советување и поднесување пријави

Вработените се должни да покренат какво било прашање или без одлагање да пријават каков било обид за прекршување одредби од закон, правила или прописи до нивните претпоставени. Кога се работи за прашања коишто се регулирани со Политиката за контрола на усогласеност со прописите или со Правилникот за заштитено пријавување, задолжително се вклучува надлежната организациска единица Служба за контрола на усогласеност со прописите и спречување перење пари и финансирање тероризам или лицата овластени за прием на пријави од укажувачи, кои постапуваат во согласност со правилата пропишани во наведените интерни акти.

Во случај на сомнеж или сознание за можно прекршување на правилата и стандардите на Етичкиот кодекс (етички повреди), како и во случај на потреба за советување или за одговор на некое општо прашање или дилема како да се постапи во одредена ситуација, вработените писмено се обраќаат на следната адреса за е-пошта: eticki.kodeks@ttk.com.mk.

Сите пријави се третираат како строго доверливи. Банката ги разгледува пријавите и барањата во согласност со законските прописи и со интерните правила и го заштитува лицето кое ја доставило пријавата. Вработените кои добронамерно поднесуваат пријава не треба да стравуваат од какви било последици. Секоја спротивна реакција е сериозно прашање коешто нема да биде толерирано. Секој раководен службеник е одговорен за креирање работно окружување во кое е загарантирано отсуство на какви било неповолни повратни реакции.

Доколку се утврди повреда на Етичкиот кодекс, се применуваат постапки и санкции во согласност со интерните акти; при етичка повреда Банката покренува постапка за повреда на работните обврски (се применува санкција/мерка во зависност од конкретниот случај).

Етички повреди можат да се пријават и анонимно (преку пошта). Во таков случај треба да се има предвид дека не би било можно да се обезбедат дополнителни информации потребни за истражување и за решавање на случајот и заради тоа Банката советува лицето кое врши пријава да достави одредени контакт податоци за да можат да се побараат повеќе детали, при што се задржува анонимноста.

Неосновани или злонамерни пријави (клевети) не се пожелни и може да резултираат со правни последици.

## 6. Завршни одредби

Овој кодекс влегува во сила со денот на усвојувањето од страна на Надзорниот одбор на Банката и почнува да се применува од денот на неговото објавување на интранет порталот на Банката.

Со денот на примена на овој кодекс, престанува да важи Етичкиот кодекс бр. 02-5031/3 од 30.6.2022 година.

Банката ќе го објави Етичкиот кодекс на нејзината веб-страница.

**Претседател на НО**

**Бобан Гоговски**

ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 2

**Прилог 1:**

# И З Ј А В А

Од работникот ________________________________________

Под полна морална, материјална и казнена одговорност изјавувам дека сум запознат со содржината, ги разбирам и ќе ги почитувам и применувам следните акти на ТТК Банка АД Скопје:

1. Кодексот за корпоративно управување на ТТК Банка АД Скопје;
2. Етичкиот Кодекс на ТТК Банка АД Скопје;
3. Политика за непречена комуникација и можност за известување за случаи на корупција
4. Политика за идентификување на потенцијални судири на интереси

Изјавител

_________, _______ год.

____________________